Врз основа на член 50 став (1) точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и точка 4 од Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2022 година (Службен гласник на Општина Гази Баба бр.17/21 и 5/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за вршење на Агрохемиска анализа на почва од земјоделски површини во Општина Гази Баба

Општина Гази Баба располага со голема површина на обработлива земја во чија структура преовладува плодно земјиште. Од вкупното расположливо земјоделско земјиште во општината околу 90% се ораници, бавчи и куќни градини а останатиот дел припаѓа на пасишта, овоштарници и лозја. Ваквата состојба овозможува идеални услови за развој на земјоделското производство кое пак игра голема улога во локалната економија на општината. Агрохемиската анализа е важна алатка за одредување на потребите на различните култури во поглед на хранливите материи. Со редовно земање на почвени проби и нивно испитување во лабораторија може да се следат промените и ефикасноста на прихраната која се применува во земјоделското производство. Korиста од агрохемиска анализа е повеќестрана: правилно, и навремено ѓубрење на културите а со тоа зголемување на приносот и подобрување на квалитетот на производите. Навременото ѓубрење со точно одредени количини вештачки ѓубрива го намалува загадувањето на почвата и подпочвените води со неискористените ѓубрива кои се употребуваат на земјоделските површини.

Во аграрно развиените земји е незамисливо да се аплицираат ѓубривата без да се има основа, односно без агрохемиска анализа на почвата. Големиот спектар од комбинации на комплексни ѓубрива со нај различен однос на макро и микро елементи е резултат на агрохемиските анализи на поедини почви, односно почви со различна плодност.Овој факт мора да се земе во предвид доколку се сака успешно да се менаџираат со земјоделското производство. За таа цел потребно е да се направи агрохемиска анализа на примероци од почва од земјоделски површини на територија на општина Гази Баба.

## I. Предмет на огласот

За реализација овој јавен повик се предвидува да се ангажира правен субјект - институција која ќе ги спроведе следните активности:

- теренски активности за земање мостри од почва,
- подготовка на земените проби, соодветно на предвидената постапка на испитување,
- лабораториски активности за агрохемиската анализа на мострите,
- изработка на завршен елаборат со презентирање на сите активности, анализи, сумирани согледувања и препораки.

Резултатите од анализите ќе бидат добра насока за земјоделците на кој начин и со колкава количина да ја прихрануваат почвата со употреба на соодветно вештачко ѓубриво.

Врз основа на направените анализи ќе се пристапи кон едукација на земјоделците за правилна употреба на минералните ѓубрива при одгледување на нивните земјоделски култури.

## II. Услови кои треба да ги исполнува институцијата

За да може да ги спроведе активностите од точка I на јавниот повик, институцијата треба да ги исполнува следните услови :

- Да поседува акредитирана лабораторија,
- Да биде високообразовна институција,
- Да има наставник од областа на педологија (најмалку два наставника),
- Да има наставник од областа на овоштарство (најмалку два наставника)
- Да има наставник од областа на лозарство (најмалку два наставника),
- Да има наставник од областа на градинарство и цвеќарство, (најмалку два наставника),
- Да има наставник од областа на поледелство (најмалку два наставника).

## III. Потребни документи за пријавување

За да може институцијата за аплицира на јавниот повик потребно е да ги достави следните документи:

- Потврда дека лабораторијата е акредитирана за бараните анализи,
- Потврда од централен регистар - доказ за вршење на дејноста,
- План за реализација на активностите со финансиски импликации,
- Доказ дека ги има вработено/ангажирано стручните лица и тоа:
  - наставник од областа на педологија (најмалку два наставника),
  - наставник од областа на овоштарство (најмалку два наставника),
  - наставник од областа на лозарство (најмалку два наставника),
  - наставник од областа на градинарство и цвеќарство, (најмалку два наставника),
  - наставник од областа на поледелство (најмалку два наставника).

## IV. Комисија за избор

Изборот на институцијата согласно горенаведените услови ќе го спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Гази Баба, составена од 3 (три) члена од општинската администрација.

Комисијата во рок од 5 дена од денот на истекот на рокот за аплицирање, ги евалуира пристигнатите апликации и поднесува извештај до Градоначалникот на Општина Гази Баба за вкупниот број на примени апликации, вкупниот број на

апликации кои не ги исполнуваат условите од јавниот повик и утврден предлог за избор на институција со која треба да се склучи Договор од точка V од овој јавен повик.

## V. Договор и обврска за известување

Правата и обврските кои произлегуваат од ангажманот ќе бидат уредени со Договор склучен помеѓу општината и избраната институција. Ангажираната институција ќе има обврска да достави финален извештај за изработените работни задачи.

## VI. Времетраење на ангажманот и исплата на финасиските средства

Финансиските средства за реализација на активностите се обезбедени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2022 година во висина од 100.000,00 денари.

Рокот за реализација на активностите и доставување на финалниот извештај е 45 дена од добивањето на налог за отпочнување со работа.

Исплатата на средствата ќе биде по доставување на финалниот извештај за спроведени активности но не подоцна од 01 Декември 2022 година.

## VII. Начин на пријавување

Заинтересираните институции кои ги исполнуваат условите наведени во точка III од овој повик потребно е да ја достават потребната документација во печатена верзија (лично преку архива или по пошта) на ул.Архимедова бр.2, 1000 Скопје со назнака за: **"Повик за вршење на Агрохемиска анализа на почва од земјоделски површини во Општина Гази Баба".**

Рокот за аплицирање е 8 дена од денот на објавување на Јавнот повик на web страната на Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk), во печатени медиуми (во два дневни весници на македонски јазик) и електронски медиуми.

**Број 08- 5629/1**
**од 27 септември 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски**